# КОД

## ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА ДОБАВУВАЧИТЕ НА АЛКАЛОИД АД Скопје

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

*Здравјето пред сè*

# КОД

## ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА ДОБАВУВАЧИТЕ НА АЛКАЛОИД АД Скопје

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

# СОДРЖИНА

ОБРАЌАЊЕ НА ГЕНЕРАЛНИОТ ДИРЕКТОР/ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА АЛКАЛОИД АД СКОПЈЕ ..................... 6
ВОВЕД ..................................................................................................................... 8

ЕТИКА
БИЗНИС-ИНТЕГРИТЕТ ..................................................................................... 9
БЛАГОСОСТОЈБАТА НА ЖИВОТНИТЕ ..................................................................... 10
СУДИР НА ИНТЕРЕСИ ..................................................................................... 11
ДОВЕРЛИВОСТ НА ПОДАТОЦИТЕ И KNOW HOW ..................................................... 12
ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ..................................................................... 13

РАБОТНИ ОДНОСИ И ЧОВЕКОВИ ПРАВА
ЗАБРАНА ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА, ФЕР ОДНЕСУВАЊЕ ............................................... 14
ЗЛОУПОТРЕБА НА ДЕТСКИОТ ТРУД ..................................................................... 15
РАБОТНО ВРЕМЕ, НАДОМЕСТОЦИ И ПРИДОБИВКИ ............................................... 16
ПРАВО НА ЗДРУЖУВАЊЕ ..................................................................................... 16
СЛОБОДЕН ИЗБОР НА ВРАБОТУВАЊЕ ..................................................................... 17
ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ИМОТИ И ЛИЦА ........................................................ 17
БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ..................................................................................... 18
БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА ..................................................................... 19
БЕЗБЕДНОСТ НА ПРОЦЕСОТ ..................................................................................... 20
БЕЗБЕДНОСТ НА ПРОИЗВОДОТ ..................................................................................... 20
ПОДГОТВЕНОСТ ЗА ИТНИ СЛУЧАИ ..................................................................... 21

**ЖИВОТНА СРЕДИНА** ... **22**
ОВЛАСТУВАЊА ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ... 23
ОТПАД И ЕМИСИИ ... 23
ИСТЕКУВАЊА И ИСПУШТАЊА ... 24
ЦЕЛИ И ТАРГЕТИ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ... 24

**СИСТЕМИ НА УПРАВУВАЊЕ**
ПРАВНА УСОГЛАСЕНОСТ ... 25
ТРАНСПАРЕНТНОСТ ... 25
ПРИЈАВУВАЊЕ ПОВРЕДИ ... 26
УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ И КОНТИНУИТЕТ ВО РАБОТЕЊЕТО ... 27
КВАЛИТЕТ ... 28
СИСТЕМ, ДОКУМЕНТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА ... 28

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ ... 29

# Обраќање на Генералниот директор / Претседател на Управниот одбор на „Алкалоид“ АД Скопје

## Почитувани добавувачи и соработници,

Како една од водечките фармацевтски компании во југоисточна Европа, која се води од своите силни вредности и која се темели врз влогот на многу генерации алкалоидови вработени, општествената одговорност, одржливоста и одржливиот развој се едни од врвните приоритети во работењето на компанијата, високо позиционирани во нашата деловна стратегија и корпоративна култура.

Во нашата успешна речиси 9-децениска корпоративна приказна и во нашето одговорно деловно работење едни од најважните клучни фактори за деловниот успех се, секако, и вашиот ангажман, квалитетот на вашите производи и вашата професионалност. Вие сте важна алка во нашиот логистички синџир на снабдување. Низ годините заедно се боревме со предизвиците да изнајдеме начин како да се издигнеме над секоја ситуација, да останеме непоразени и без сериозни штети на која било страна. Растевме и сè уште растеме заедно во оваа индустрија и во овој бизнис-свет.

Она што посебно нè поврзува и е наше заедничко обележје е континуираната грижа за благосостојбата на нашите вработени, за заедницата во која живееме и за околината во која ги извршуваме нашите операции. Ова се клучните стратешки определби во деловната политика и врвен приоритет за „Алкалоид“.

И во иднина наш главен стремеж ќе остане определбата сите заедно да бидеме пример за компанија лидер, целосно посветени на грижата за здрава и безбедна животна средина и да дадеме сериозен удел во градењето еден поодржлив свет, во кој ќе живеат и ќе работат нашите поколенија.

**Живко Мукаетов**
Генерален директор /
Претседател на Управен одбор на
„Алкалоид“ АД Скопје



# ВОВЕД

Ние во АЛКАЛОИД АД Скопје (во натамошниот текст АЛКАЛОИД или ние) секогаш се стремиме да бидеме првиот избор за лојален бизнис-партнер на нашите добавувачи и купувачи. Сакаме да бидеме коректен учесник во еден транспарентен, отворен и одговорен синџир на снабдување во бизнис-светот. Затоа, посветено се заложуваме во идејата за еколошки и за социјални стандарди, но и за стандарди за корпоративно управување, па своите секојдневни активности ги извршуваме според начелата и според принципите на UN Global Compact and UN Guiding Principles on Business and Human Rights.



За да изградиме доверба и за да ја покажеме нашата силна волја и определба за одржлив развој во рамките на синџирот на снабдување, ги повикуваме сите наши активни добавувачи и нивните претставници, како и сите компании кои во иднина би биле наши соработници, недвосмислено да се сложат и сите свои деловни активности да ги усогласат со темите и со принципите содржани во овој код за однесување на добавувачите (во натамошниот текст *Код*).

Очекуваме сите наши бизнис-партнери да ги преземат потребните активности и да создадат услови за примена или за усогласување со принципите содржани во овој код, кои на тој начин ќе станат дел од секојдневната практика како на сите нивни вработени така и на сите нивни соработници и партнери.

## БИЗНИС-ИНТЕГРИТЕТ

Каква било форма на корупција, изнуда и на проневера е забранета. Нашите добавувачи нема да даваат или да примаат (директно или индиректно) поткуп или да учествуваат во какви било недозволени релации со претставниците на деловната заедница или на државните органи. Нашите добавувачи во целост се усогласени со сите применливи прописи кои забрануваат поткуп и коруптивни практики на исплати, вклучувајќи каков било трансфер на вредности, а наедно се усогласени и со US Foreign Corrupt Practices Act, UK Bribery Act и со другите меѓународни акти.

Добавувачите кои во согласност со својата дејност имаат интеракција со здравствените работници и со здравствените власти се дополнително должни да се усогласат со актите на АЛКАЛОИД кои регулираат фармацевтска усогласеност. Добавувачите се должни да се координираат и да се консултираат со своите контакти во АЛКАЛОИД во поглед на обезбедувањето усогласеност и на дејствувањето во согласност со принципите на овие акти.

Сите добавувачи ќе ги вршат своите деловни активности во согласност со применливата регулатива за заштита на конкуренцијата.

Добавувачите ќе применуваат фер деловни практики, вклучувајќи јасна, коректна и етичка промоција и рекламирање.

Добавувачите нема да ги користат името и трговските марки на АЛКАЛОИД АД Скопје и на неговите поврзани друштва, како и на нивните производи во јавност или при рекламирање без претходна согласност од АЛКАЛОИД.



# БЛАГОСОСТОЈБАТА НА ЖИВОТНИТЕ

АЛКАЛОИД како фармацевтска, хемиска и козметичка индустрија не врши тестирање врз животни.

Добавувачите кои вршат тестирање врз животни или кои користат трети страни кои спроведуваат такви студии треба да го прават тоа во согласност со сите важечки национални закони, регулаторни барања и високи етички стандарди што обезбедуваат хуман третман и грижа за животните.

Дополнително, добавувачите на АЛКАЛОИД се должни веднаш да го искомуницираат фактот дека тие или трети страни во рамките на нивниот синџир на снабдување вршат тестирање врз животни, односно редовно да го ажурираат АЛКАЛОИД со овие податоци.



# СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

Добавувачите веднаш да го известат АЛКАЛОИД за потенцијалниот или реален судир на интереси кој може да има влијание врз деловната соработка со АЛКАЛОИД.

Судир на интереси може да настане во повеќе ситуации, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на следниве примери:

- постојат одредени приватни интереси на вработен или на претставник кај добавувачот кои можат да влијаат врз способноста на добавувачот да дејствува во најдобар објективен интерес за АЛКАЛОИД;
- вработен во АЛКАЛОИД или лице професионално ангажирано од АЛКАЛОИД може да има интерес од каков било вид во деловните активности на добавувачот или во односите со неговите вработени или претставници;
- добавувачот има деловни релации со трети страни кои се конкуренти на АЛКАЛОИД или чии интереси се во судир со интересите на АЛКАЛОИД, па таквите деловни релации на добавувачот може да влијаат врз неговата способност да дејствува во најдобар објективен интерес за АЛКАЛОИД.



# ДОВЕРЛИВОСТ НА ПОДАТОЦИТЕ И KNOW HOW

Од нашите добавувачи очекуваме да имаат воспоставено напредни механизми и практики за заштита и за правилна употреба на доверливите информации, свои и на трети лица, со кои располага во рамките на своето функционирање.

Во својата соработка со АЛКАЛОИД добавувачите ќе применуваат највисок степен на доверливост спрема доверливите информации и спрема know how на АЛКАЛОИД, како и спрема доверливите информации на третите лица спрема кои АЛКАЛОИД има обврска за доверливост, а кои добавувачот овластено ги користи.

Тајноста и доверливоста на податоците и на know how подразбираат забрана за пристап, располагање и за користење од неовластени трети лица, од небрежност или со умисла, за своја или за туѓа корист.



# ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Нашата посветеност за заштита на личните податоци се придржува до европското законодавство, особено до Општата регулатива за заштита на податоците на ЕУ (GDPR). АЛКАЛОИД овозможува пристап до личните податоци на добавувачите исклучиво за специфични цели наведени во формалниот договор со нив или кога е тоа потребно поради легитимни интереси на страните. Императив е добавувачите ефектно да управуваат и да ги заштитат своите информациски системи каде што се складираат или се обработуваат личните податоци и другите доверливи информации на АЛКАЛОИД. Од нашите добавувачи се очекува да покажат дека при обработка на податоците се придржуваат до прописите, вклучително и законска обработка, контрола на пристап, почитување на правата на субјектите, како и обезбедување технички и организациски мерки за заштита од незаконско откривање, менување и уништување. Во случај на инциденти, од суштинско значење е постоењето на систем за брзо известување, како и на мерки за ублажување и за превенција од натамошно нарушување на приватноста. Посветеноста спрема заштитата на податоците е составен дел од нашето партнерство, обезбедувајќи доверба, безбедност и високи стандарди за нашите клиенти.



# ЗАБРАНА ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА, ФЕР ОДНЕСУВАЊЕ

Сите добавувачи на АЛКАЛОИД треба да обезбедат еднаков третман за сите свои вработени и да обезбедат услови и еднакви можности за сите, без присуство на каков било вид дискриминација или нелојална конкуренција или на физичко и на психичко насилство и злоупотреба. Забранет е секаков вид дискриминација на вработените врз основа на полот, расата, возраста, националната припадност, социјалниот статус, сексуалната ориентација или врз основа на припадноста и на поддржувањето одредени групи и религии кои не се противправни и противзаконски. Очекуваме сите заедно да создадеме инклузивна и мотивирачка работна средина.



# ЗЛОУПОТРЕБА НА ДЕТСКИОТ ТРУД

Злоупотребата на детскиот труд и економската експлоатација на млади лица се забранети.

Добавувачите на АЛКАЛОИД, во рамките на своите деловни операции, како и кај своите добавувачи, нема да дозволат злоупотреба на детскиот труд. Нашите добавувачи, во принцип, ќе ја избегнуваат и законски дозволената употреба на детскиот труд, но доколку под одредени околности, во согласност со важечката регулатива, ангажираат лице на возраст меѓу 15 и 18 години, гарантираат дека тоа лице ќе биде распоредено на работни задачи кои нема штетно да влијаат врз неговото здравје, врз безбедноста, врз психофизичкиот и морален интегритет, како и врз перспективите за неговото образование и за неговиот развој во иднина.



# РАБОТНО ВРЕМЕ, НАДОМЕСТОЦИ И ПРИДОБИВКИ

Од претпоставените од сите нивоа во компаниите соработници на АЛКАЛОИД очекуваме да ги почитуваат правото на одмор на вработените и правото на соодветен однос меѓу времето поминато на работа и времето потребно за приватниот живот на вработениот.

Вработените не треба да извршуваат работни задачи надвор од законски пропишаниот максимум работни часови. Во случај на потреба од прекувремена работа, таа треба да биде регулирана и со меѓународните и со националните закони и колективни договори.

Добавувачите и нивните претпоставени од сите нивоа треба јасно да ги договорат условите за работа и надоместоците по основ на плата со своите вработени. Надоместоците по основ на плати и на придобивки за вработените треба да се исплаќаат регуларно, навремено и транспарентно, почитувајќи ги меѓународните и националните важечки закони и колективни договори.

# ПРАВО НА ЗДРУЖУВАЊЕ

Она што го очекуваме од нашите добавувачи е да изградат отворена и конструктивна врска со своите вработени и да создадат услови за креативна атмосфера и за атмосфера на соработка, која мотивирачки ќе влијае врз секојдневните предизвици и врз нивното решавање.

Добавувачите треба да ги почитуваат законските права на своите вработени слободно да се здружуваат во работнички или во други организации и синдикати врз основа на нивните одлуки донесени по слободна волја, без страв од одмазда или од дискриминација.



## СЛОБОДЕН ИЗБОР НА ВРАБОТУВАЊЕ

Добавувачите им го гарантираат на своите вработени правото на слободен избор на вработување и на слобода на избор и на движење, а особено правото слободно да го напуштат работното место под условите и постапките предвидени со важечкиот закон.

## ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ИМОТИ И ЛИЦА

Доколку добавувачите користат услуги за приватно обезбедување на имотот и на лицата, треба да обезбедат соодветни упатства или контроли преку кои ќе ги заштитат вработените од непочитување на човековите права и слободи, од употреба на прекумерна сила, од нехуман или деградирачки однос и слично од работниците за обезбедување.



# БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ

Во АЛКАЛОИД ние сме посветени на одржување на највисоките стандарди за безбедност и здравје при работа во рамките на целокупните процеси во компанијата. За таа цел, очекуваме добавувачите целосно да се усогласат со важечките закони, но и да се придржуваат до сите принципи на меѓународните стандарди за безбедност и здравје при работа. Ги охрабруваме нашите добавувачи да применат план и мерки за идентификување, проценка и за управување со ризици, за да обезбедат безбедна и здрава работна средина за своите вработени и за да спречат несреќи при работа и болести поврзани со работата.



# БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

Добавувачите треба да ги заштитат своите вработени од прекумерна изложеност на ергономски, хемиски, биолошки и на физички штетности, како и од тешки физички задачи на работното место.

Исто така, со цел спречување несреќи при работа и болести поврзани со работата, треба да воспостават соодветни безбедносни мерки користејќи ја хиерархијата на контроли, а за тие мерки, опасности и штетности да обезбедат информација на начин кој ќе биде лесно разбирлив за сите вклучени во работниот процес.

Добавувачите треба да применуваат соодветна организација на работата во однос на работното време и да обезбедат соодветни паузи за одмор на тој начин што ќе избегнат прекумерен физички и ментален замор.

Во работните и во помошните простории треба да биде обезбедено соодветно осветлување, температура, вентилација, климатизација и вода за пиење.



# БЕЗБЕДНОСТ НА ПРОЦЕСОТ

Добавувачите треба да воспостават програма за да ги спречат или за да ги намалат последиците од проценетите ризици и опасности кои се својствени за процесите што се извршуваат, за да спречат појава на инциденти, несреќи, пожари и на експлозии.

Добавувачите треба да обезбедат информации за опасните супстанции што се користат во работните процеси, преку соодветни безбедносни листи (SDS).

Треба да ги истражуваат и да ги анализираат сите позначајни (или поголеми) инциденти, а потоа причините и мерките да се искомуницираат со сите засегнати страни.

# БЕЗБЕДНОСТА НА ПРОИЗВОДОТ

Добавувачите треба да ги почитуваат соодветните регулативи за безбедноста на производот и да ги доставуваат сите потребни документи и упатства за ракување со него. Во овие документи за производот потребно е да се обезбедат сите релевантни безбедносни информации, кои вклучуваат информации за производот при користење, како и сценарио за изложеноста, известување и потврда за регистрацијата, сертификати, безбедносни листови и информации за здравствените опасности, што значи дека е потребно проактивно и транспарентно споделување информации за аспектите квалитет, безбедност и здравје при работа и екологија до сите релевантни страни.



# ПОДГОТВЕНОСТ ЗА ИТНИ СЛУЧАИ

Добавувачите треба да ги идентификуваат ситуациите за вонредна состојба во работниот простор и да го минимизираат нивното влијание преку изработка и примена на планови со сценарија за итни случаи, обезбедување опрема и средства за одговор, како и преку извршување периодични вежби на вработените за евакуација во такви случаи.



Заштитата на животната средина е еден од најголемите приоритети во деловната стратегија на АЛКАЛОИД. Наша стратешка и одржлива определба е да создадеме вредност за луѓето и за заедницата, со цел подобра и поздрава животна средина во која сите ние живееме.

Добавувачите на АЛКАЛОИД ќе работат на еколошки одговорен и одржлив начин за да се намалат и за да се минимизираат негативните влијанија врз животната средина, а треба да се вклучат и во иницијативи за повторна употреба и рециклирање. Од нашите добавувачи се очекува да вложат напори за да ја подигнат свеста на вработените за нивното влијание врз животната средина и истата свесност да ја наметнат и да ја развиваат кај сите свои добавувачи и соработници.

Ги охрабруваме нашите добавувачи да ги користат природните ресурси на одржлив начин, да штедат енергија и да промовираат употреба на обновливи извори на енергија секогаш кога е тоа можно и изводливо.

Ги охрабруваме добавувачите на АЛКАЛОИД да воспостават принципи засновани на ризици во однос на влијанијата од климатските промени, како и планови за справување со негативните ефекти од глобалното затоплување.

Исто така, очекуваме нашите добавувачи да преземат соодветни мерки за да обезбедат безбедно ракување, движење и складирање и за да спречат употреба на опасни материјали и производи секогаш кога е тоа можно.



## ОВЛАСТУВАЊА ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Добавувачите треба да ги почитуваат сите важечки закони од областа на животната средина. Мора да ги имаат обезбедено потребните еколошки дозволи, лиценци, регистрации на информации и ограничувања, но и да ги следат нивните оперативни барања и барања за известување.

## ОТПАД И ЕМИСИИ

Добавувачите треба да имаат систем и практики за управување за да обезбедат заштита на животната средина и на заедницата, вклучувајќи и соодветна одговорност за сопствените активности. Сите емисии, отпад и отпадни води со потенцијално негативно влијание врз животната средина да бидат соодветно мониторирани, контролирани и третирани пред да се испуштат во животната средина.



## ИСТЕКУВАЊА И ИСПУШТАЊА

Добавувачите треба да имаат воспоставено процедури за спречување и за управување со инциденти, со излевање и со испуштање опасни материи во животната средина.

Добавувачите треба да ни ги пријават позначајните инциденти во животната средина кои влијаат врз соработката со АЛКАЛОИД.

## ЦЕЛИ И ТАРГЕТИ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Ги охрабруваме нашите добавувачи да постават цели и таргети за животната средина (во согласност со целите за одржлив развој (Sustainable Development Goals – SDGs) на Обединетите нации) и соодветно да ги следат нивните емисии во воздухот и влијанијата во отпадните води, како и создавањето отпад, употребата на електричната енергија и на водата, но и нивните емисии на стакленички гасови (GHG).



## ПРАВНА УСОГЛАСЕНОСТ

Добавувачите треба редовно да ги идентификуваат и да се усогласуваат со применливите закони, регулативи и стандарди, меѓународни и национални.

Треба редовно да ги обезбедуваат и да ги ажурираат сите потребни решенија, дозволи и сертификати кои се задолжителни за вршење на нивната дејност.

## ТРАНСПАРЕНТНОСТ

Очекуваме нашите добавувачи да бидат целосно транспарентни во врска со своите деловни активности спрема нас, надлежните државни и регулаторни институции и спрема деловната заедница во целина.

Добавувачите разбираат и прифаќаат дека АЛКАЛОИД ќе врши редовни и периодични инспекции и контроли (due diligence активности) во однос на нивната усогласеност со овој код, па се согласни активно да соработуваат во тој процес преку споделување точни, јасни, прецизни и разбирливи информации на начин и во формат како што е побарано.



# ПРИЈАВУВАЊЕ ПОВРЕДИ

Добавувачите треба да имаат воспоставено систем и механизам за пријавување повреди на принципите заштитени со овој код во рамките на својата организација. Вработените и соработниците на добавувачите се охрабрени да пријават секаква реална и потенцијална повреда во рамките на утврдените канали на комуникација, која се истражува од овластени лица кај добавувачот, со објективна и со независна постапка, а спрема прекршителите да преземат соодветни превентивни мерки и санкции. Добавувачите треба да им гарантираат на пријавителите на повреди дека нема да трпат негативни последици и реперкусии врз својот личен и професионален интегритет поради околноста дека пријавиле повреда.

Кој било вработен кај добавувачите може да пријави повреда на принципите утврдени со овој код од вработен или од раководно лице во АЛКАЛОИД преку платформата AlkaSpeakUp на следниов линк https://speakup.alkaloid.com.mk/



# УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ И КОНТИНУИТЕТ ВО РАБОТЕЊЕТО

Добавувачите треба да воспостават и да одржуваат систем за управување со ризици за да ги идентификуваат, да управуваат и да ги контролираат ризиците во сите области опфатени со овој код на однесување на добавувачите.

Добавувачите треба да развијат планови за континуитет на работењето, за закрепнување од нарушени состојби (disaster recovery) и за управување со ризици, со цел обезбедување континуитет во работењето.

Добавувачите треба да известат за позначајните инциденти кои имаат влијание врз АЛКАЛОИД, независно од нивната материјалност.



# КВАЛИТЕТ

Добавувачите треба да обезбедат услови со кои сите производи и услуги што се испорачуваат спрема АЛКАЛОИД се во согласност со релевантните индустриски стандарди, како и со договорните барања за квалитет. Нашите очекувања се навремено и точно да известуваат за сите важни проблеми кои имаат негативно влијание врз испорачаните производи и услуги.

Добавувачите треба да информираат за сите позначајни промени на производствениот процес или на процесот на испорака кои имаат потенцијал да влијаат врз квалитетот на производите и на услугите.

# СИСТЕМ, ДОКУМЕНТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА

Добавувачите треба да воспостават соодветни процеси и контроли во однос на содржината на овој код, кои ќе бидат дизајнирани да идентификуваат неусогласености и да применат корективни мерки. На тој начин ќе постојат услови за континуирано подобрување и за одржлив развој.



# ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

АЛКАЛОИД го задржува правото да побара од добавувачите на добра и на услуги, периодично и по потреба, да ја потврдат својата ориентираност и сообразност со овој код, но, исто така, го задржува правото да ги раскине постојните договори и секаков друг вид деловна соработка доколку востанови потврдени несообразности со овој код.

Својата заложба за усогласување со принципите утврдени со овој код добавувачите ја потврдуваат преку пополнување и потпишување формулар за потврда и за прифаќање на Кодот за однесување на добавувачи на АЛКАЛОИД АД Скопје, кој е прилог кон Кодот.

Добавувачите со кои АЛКАЛОИД за прв пат воспоставува соработка се должни, заедно со размената на официјалните примероци од договорот за соработка или на првиот споделен комерцијален документ во врска со воспоставената соработка, на АЛКАЛОИД да му достават потпишан формулар од овластен претставник кај добавувачот.

Добавувачите со кои АЛКАЛОИД има воспоставено соработка се должни во разумен рок, по добивањето сознание за донесување на овој код од АЛКАЛОИД, а најдоцна во рок од триесет (30) дена од добиеното барање од претставник на АЛКАЛОИД, да доставaт потпишан формулар од овластен претставник кај добавувачот

Овој код може да биде предмет на измени и на дополнувања соодветно на законските или на компаниските потреби во иднина.

Кодот за однесување на добавувачите на АЛКАЛОИД АД Скопје стапува во сила со неговото донесување од Управниот одбор.

# КОД

## ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА ДОБАВУВАЧИТЕ НА АЛКАЛОИД АД Скопје

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

*Здравјето пред сè*

www.alkaloid.com.mk